На 15.10.2008 год. ЗВ Куманово достави допис бр.07-383/18 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека ЗВ Куманово е членка на СВМ и својата дејност ја обавува врз основа на пренесеното јавно овластување за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила чиј единствен носител е СВМ. Исто така ЗВ Куманово наведува дека ЗВ Куманово е членка на СВМ, и во целост ги почитува обврските од договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ, статутот на СВМ како и одлуките на Извршниот одбор на СВМ. Заради сето наведено СВ Куманово во целост ја применува и Одлуката за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006, која претходно ја имаат доставено до Комисијата.

На 14.10.2008 год. ЗВ Кочани достави допис бр.07-383/24 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека Здруженијата на возачи во РМ -членки на СВМ, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ Кочани постапува по наведениот заклучок преку СВМ кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 20.10.2008 год. ЗВ Кичево достави допис бр.07-383/25 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека ЗВ во РМ членки на СВМ, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ Кичево постапува по наведениот заклучок преку Сојузот на возачи на Македонија кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 14.10.2008 год. ЗВ Кратово достави допис бр.07-383/7 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека ЗВ Кратово како и другите ЗВ ја применува Одлукта на СВМ, која до Комисијата ја доставил СВМ

На 20.10.2008 год. ЗВ Крива Паланка достави допис бр.07-383/22 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во прилог на кој е доставена повторно копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 14.10.2008 год. ЗВ Охрид достави допис бр.07-383/17 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека висината на цената на техничкиот преглед се врши врз основа на одлуки утврдени од СВМ и од 01.08.2006 год се наплаќа согласно Одлуката бр . 02-96/6 од 11.07.2006 на СВМ.

На 14.10.2008 год. ЗВ Неготино достави допис бр.07-383/14 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека Здруженијата на возачи во РМ членки на СВМ, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ Неготино постапува по наведениот заклучок преку СВМ кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 14.10.2008 год. ЗВ Прилеп достави допис бр.07-383/9 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека ЗВ Прилеп е членка на СВМ и Извршниот одбор на СВМ ги донесува одлуките за надоместок на технички преглед на моторни и приклучни возила така да ЗВ како нејзини членки непосредно ги применуваат. Во прилог е доставено Појаснување по заклучок за поведување постапка од СВМ.

На 17.10.2008 год. ЗВ Радовиш достави допис бр.07-383/21за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека Здруженијата на возачи во РМ членки на Сојузот на возачи на Македонија, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ радовиш постапува по

наведениот заклучок преку СВМ кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 09.10.2008 год. ЗВ Ресен достави допис бр.07-383/2 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила ја утврдува СВМ и истата е донесена на 22.06.2006 год. и се уште се применува. Во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 ОД 11.07.2006 (Донесена од извршниот одбор на СВМ на седница на 22.06.2006)

На 13.10.2008 год. ЗВ Струга достави допис бр. 07-383/4 за постапување по Заклучок за поведување на постапка при што во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006

На 14.10.2008 год. ЗВ Струмица достави допис бр. 07-383/11 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека ЗВ во РМ членки на СВМ, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ Струмица постапува по наведениот заклучок преку СВМ кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 20.10.2008 год. ЗВ Свети Николе достави допис бр. 07-383/26 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека Здруженијата на возачи во РМ членки на СВМ, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ Свети Николе постапува по наведениот заклучок преку СВМ кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 16.10.2008 год. ЗВ Скопје достави допис бр. 07-383/20 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека ЗВ Скопје е самостојно правно лице и од 01.03.2008 година е издвоено од СВМ и самостојно ги утврдува цените за вршење на своите услуги, вклучувајќи ја и цената за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила, односно не ја применуваат одлуката на СВМ. Во прилог е доставена Одлука за примена на цени за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Скопје бр.02-639 од 24.09.2008 која се ќе се применува од 01.11.2008 година. Цените за за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во наведената одлука се пониски во однос на оние утврдени со Одлуката на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 20.10.2008 год. ЗВ Тетово достави допис бр. 07-383/27 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека со оглед на фактот дека Здруженијата на возачи во РМ членки на СВМ, со договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ и со анексот на истиот договор како и статутот на СВМ со кое се усогласени и актите на секое ЗВ одделно, ја имаат комплетно пропишано постапката за посредно вршење на јавните овластувања во единствен систем на СВМ, како непосредно овластен правен субјект за вршење на технички преглед на возила, ЗВ Тетово постапува по наведениот заклучок преку Сојузот на возачи на Македонија кој со допис бр. 157/1 од 09.10.2008 до Комисијата достави појаснување по заклучокот за поведување постапка и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр . 02-96/6 од 11.07.2006

На 20.10.2008 год. ЗВ Штип достави допис бр. 07-383/23 за постапување по Заклучок за поведување на постапка во кој наведува дека се уште се применува Одлука за определување на цените техничкиот преглед на моторни и приклучни возила и другите услуги во ЗВ Штип од 2006 и истата повторно е доставана во прилог.

ЗВ Кавадарци не одговори по горенаведениот заклучок и не ги достави бараните податоци.

Со допис бр. 07-383/12, а врз основа на сопствени сознанија за поведена постапка против ЗВ по службена должност од страна на Комисијата, СВМ доставува до Комисијата:

- појаснување за начинот на работата на СВМ и неговите членки, неговата организациона поставеност, како и за начинот за утврдување на висината на цената на технички пеглед на моторните и приклучните возила.

- Копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

- Копија од Решение за овластување за вршење технички преглед на возила, издадено од Министерство за внатрешни работи – полиција со бр.082-34263/1 од 27.10.1998 година.

Во појаснувањето, СВМ наведува дека, во континуитет, како самостоен правен субјект постои од 1956 год. ЗВ врз основа на склучен посебен Договор за здружување на ЗВ во РМ во СВМ, се членки на СВМ, но во севкупниот правен и деловен промет имаат статус на самостојни деловни субјекти. Понатаму СВМ наведува дека со Договорот, ЗВ во РМ се согласни, преку СВМ да ги спроведуваат – остваруваат заеднички утврдените активности, при што се утврдени и дејностите, целите и задачите на СВМ. Притоа како дејност на СВМ е уредено и вршењето на одредени јавни овластувања, непосредно врз основа на закон, односно по добиено одобрение од надлежен државен орган. За целосно и одговорно спроведување на јавните овластувања, СВМ особено презема низа активности кои покрај другото се однесуваат на следното:

- Врши контрола над работата и непосредно учествува во разрешување на констатираните неповолни состојби во ЗВ, заради обезбедување законито и стручно извршување на дејностите од јавен карактер,
- Ја следи работата на ЗВ и предлага мерки за унапредување на истата,
- Се грижи за доследно применување на важечките прописи од доменот на вршење на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила.

Овластувањата од јавен карактер, СВМ ги врши непосредно и преку потписниците на овој Договор кои ги исполнуваат условите предвидени во прописите со кои се уредуваат односните области, а на кои го пренесува непосредно добиеното овластување.

Понатаму со Договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ е уредено дека, доколку одделно ЗВ не се придржува кон прописите и актите врз кои се заснова јавното овластување и не постапува по упатствата, инструкциите и насоките на СВМ, со што се нарушува угледот и се нанесува штета на работната организација во целина, Извршниот одбор на СВМ, ќе го повлече јавното овластување за непосредно вршење на конкретната дејност од јавен карактер и за тоа ќе го извести државниот орган од кој е добиено јавното овластување.

Со Статутот на СВМ се утврдени условите за вршење на јавни овластувања пренесени со закон и врз основа на акти од надлежни државни органи. Покрај другото Статутот на СВМ пропишува дека СВМ јавните овластувања ги врши непосредно или посредно преку ЗВ во РМ во единствен систем, при што врши контрола над исполнувањето на пропишаните услови и начинот на нивното извршување во членките на асоцијацијата. Во интерес на комплетно обезбедување на пропишаните услови за вршење на јавните овластувања, во

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

делот на пропишувањето на надлежностите на Извршниот одбор на СВМ пропишано е меѓу другото и Извршниот одбор да донесува одлуки за висината на цената на техничкиот преглед.

Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед не е облигаторна за ЗВ во РМ, членки на СВМ, а е во интерес на обезбедувањето на ,,единствениот систем,, пропишан со статутот на СВМ, во кој врз основа на доброволна изјава на волја, со Договорот за здружување во СВМ, ЗВ во РМ одлучиле посредно да ги извршуваат пренесените јавни овластувања од СВМ. Во единствениот систем што го одржува СВМ, ЗВ на РМ не се директни (непосредни) носители на јавното овластување, односно единствен, директен и непосреден носител е СВМ.

Понатаму во појаснувањето, СВМ наведува дека согласно приложеното Решение за овластување за вршење технички преглед, Одлука за висината на цената на техничкиот преглед Извршниот одбор на СВМ ја донесува во приложениот текст и содржина, исклучиво заради обезбедување на услови, техничкиот преглед да се врши на законит начин. Имајќи во предвид дека покрај останатите пропишани услови (уредите, опремата, објектите, стручниот кадар и др. ) цената на услугата за техничкиот преглед што ја плаќаат корисниците на истата како пропишана обврска, заедно со сите други кои се наплатуваат во постапката за регистрација на моторните и приклучните возила, е само составен и неодвоив дел од техничкиот преглед, како дел од постапката за регистрација на возилата, а кој се врши во единствениот систем на СВМ.

Дополнително, СВМ наведува дека Одлука за висината на цената на техничкиот преглед не влијае на загрозување на конкурентните услови на домашниот пазар затоа што со истата не се загрозува слободното и конкурентно формирање на наведените цени од други правни субјекти во земјата, кои исто така се овластени за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила, односно предметната Одлука не се однесува на овие други правни субјекти.

На 9.11.2009 година Комисијата достави Заклучок бр. 07-447/1 до ЗВ ,,Сотир Наумовски,, Битола, ЗВ Берово, ЗВ Валандово, ЗВ Велес, ЗВ, ЗВ Гостивар, ЗВ Гевгелија, ЗВ Дебар, ЗВ Делчево, ЗВ Демир Хисар,ЗВ Куманово, ЗВ Кочани, ЗВ Кавадарци, ЗВ Кичево, ЗВ Кратово, ЗВ Крива Планка, ЗВ Охрид, ЗВ Неготино, ЗВ Прилеп, ЗВ Радовиш, ЗВ Ресен ЗВ Струга, ЗВ Струмица, ЗВ Свети Николе, ЗВ Скопје, ЗВ Тетово ЗВ Штип, со кој бара доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила од 01.10.2008 до доставувањето на наведениот заклучок.

Во одговор на овој заклучок, до Комисијата беа доставени следните податоци:

На 19.11.2009 година ЗВ ,,Сотир Наумовски,, Битола со допис бр. 07-447/7 постапи по Заклучокот при што наведува дека во наведениот период не е извршена промена на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила, односно сеуште се применува Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 и истата повторно е доставена во прилог.

На 26.11.2009 година ЗВ Берово со допис бр. 07-447/24 постапи по Заклучокот при што во прилог доставува -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 и копија од Одлука за висина на цената технички преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Берово бр. 0201-24 од 02.03.2009 година. Цените во одлуката на ЗВ Берово бр. 0201-24 од 02.03.2009 година се исти со цените во Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006

На 26.11.2009 година ЗВ Валандово со допис бр. 07-447/23 постапи по Заклучокот при што наведува дека во наведениот период не е извршена промена на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила и во прилог повторно е доставена Одлуката за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 19.11.2009 година ЗВ Велес со допис бр. 07-447/13 постапи по Заклучокот при што наведува дека ја применува Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 и истата повторно е доставена во прилог.

На 18.11.2009 година ЗВ Гостивар со допис бр. 07-447/4 постапи по Заклучокот при што наведува дека ЗВ Гостивар постапува согласно одлуките добиени од СВМ и во прилог повторно е доставена Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006

На 19.11.2009 година ЗВ Гевгелија со допис бр. 07-447/8 постапи по Заклучокот при што наведува дека важечки ценовник е одлука на СВМ и во прилог повторно е доставена Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 25.11.2009 година ЗВ Дебар со допис бр. 07-447/22 постапи по Заклучокот при што наведува дека во наведениот период не е извршена промена на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила.

На 24.11.2009 година ЗВ Делчево со допис бр. 07-447/21постапи по Заклучокот при што во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за

висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 24.11.2009 година ЗВ Демир Хисар со допис бр. 07-447/20 постапи по Заклучокот при што наведува дека во назначениот период нема донесено нова одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила.

На 17.11.2009 година ЗВ Куманово со допис бр. 07-447/10 постапи по Заклучокот при што наведува дека во назначениот период нема донесено нова одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила.

На 24.11.2009 година ЗВ Кочани со допис бр. 07-447/30 постапи по Заклучокот при што наведува дека последната одлука за висината на цената на технички преглед на моторни и приклучни возиа е одлуката од 01.08.2006 и до доставувањето на наведениот допис истата на е сменета.

На 19.11.2009 година ЗВ Кавадарци со допис бр. 07-447/12 постапи по Заклучокот при што во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 19.11.2009 година ЗВ Кичево со допис бр. 07-447/15 постапи по Заклучокот при што во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 26.11.2009 година ЗВ Кратово со допис бр. 07-447/25 постапи по Заклучокот при што во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 24.11.2009 година ЗВ Крива Паланка со допис бр. 07-447/19 постапи по Заклучокот при што во прилог е доставена Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Крива Паланка бр. 02-63/1 од 23.12.2008. Притоа единствена разлика помеѓу наведената Одлука на ЗВ Крива Паланка и Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 ОД 11.07.2006 е во делот на цената за вршење на технички преглед на мотоцикли. Имено наведената цена во одлуката на СВ Крива Паланка изнесува 449,00 ден додека во одлуката на СВМ истата изнесува 551,00 денар.

На 17.11.2009 година ЗВ Охрид со допис бр. 07-447/2 постапи по Заклучокот за при што наведува дека цената од 2006 до денот на доставување на податоците истата не е променета и во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006

На 19.11.2009 година ЗВ Неготино со допис бр. 07-447/6 постапи по Заклучокот при што во прилог повторно е доставена:

-копија од Ценовник на ЗВ Неготино бр. 03-126/1 од 02.01.2008. Во Ценовникот е утврдена и цената за технички преглед на товарни-влекачи, патнички, автобуси, и приклучни при што цените за наведените услуги се исти со цените од Одлуката за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006

-копија од Ценовник на ЗВ Неготино бр. 02-93/1 од 28.04.2009. Во Одлуката е утврдена цената за технички преглед на товарни влекачи, патнички и специјални, автобуси, приклучни и трактори и моторцикли при што цените за наведените услуги се исти со цените од Одлуката за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 ОД 11.07.2006

На 24.11.2009 година ЗВ Прилеп со допис бр. 07-447/18 постапи по Заклучокот и во прилог е доставена:

-Одлука на ЗВ Прилеп за попуст на технички преглед на возила бр. 03-145/3 од 06.10.2008. Со наведената одлука се одобрува попуст за технички преглед на возила во висина од 20% од редовната цена +ДДВ и тоа почнувајки од 01.10.2008 год. па се до донесување на нова одлука.

-Одлука бр. 03-25/3 од 26.02.2009 на ЗВ Прилеп за измени и дополнување на Одлуката од 03.10.2008 бр.03-145/3 со која всушност се врши намалување на цената на техничкиот преглед на патнички возила.

На 16.11.2009 година ЗВ Радовиш со допис бр. 07-447/5 постапи по Заклучокот при што во прилог повторно е доставена -копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на

На 17.11.2009 година ЗВ Ресен со допис бр. 07-447/3 постапи по Заклучокот при што уште еднаш се наведува дека ЗВ Ресен доследно ја применува одлуката на СВМ од 22.06.2006 год. и во прилог повторно е доставена копија од Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

На 16.11.2009 година ЗВ Струга со допис бр. 07-447/17 постапи по Заклучокот при што наведува дека сеуште ЗВ Струга ја применува Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 и истата е доставена во прилог.

На 02.12.2009 година ЗВ Струмица со допис бр. 07-447/29 постапи по Заклучокот при што наведува дека во наведениот период не е извршена промена на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила.

На 02.12.2009 година ЗВ Свети Николе допис бр. 07-447/28 постапи по Заклучокот при што наведува дека во наведениот период не е извршена промена на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила.

На 20.11.2009 година ЗВ Скопје со допис бр. 07-447/16 постапи по Заклучокот при што наведува дека во наведениот период не е извршена промена на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила, односно се уште се применува одлуката на ЗВ Скопје бр. 02-639 од 24.09.2008.

На 19.11.2009 година ЗВ Тетово со допис бр. 07-447/14 постапи по Заклучокот при што во прилог ја доставува Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

На 02.12.2009 година ЗВ Штип со допис бр. 07-447/27 постапи по Заклучокот при што во прилог е доставена Одлука за определување на цените на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во Здружение на возачи Штип бр. 02-6014 од 06.07.2009, при што цените на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во оваа одлука се исти со цените во одлуката на ЗВ Штип од 2006 год.

Комисијата на 9.11.2009 година донесе Заклучок бр.07-447/1 за поведување на постапка против Сојуз на возачи на Македонија со кој меѓу другото се бара и доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила од 01.10.2008 , како и објаснување за начинот и рокот во кој СВМ ги информира односно им ги доставува своите одлуки во кои е утврдена висината на чената за технички преглед на моторни и приклучни возила до членките на СВМ.

Со допис бр. 07-447/26 од 30.11.2009 СВМ одговорил на заклучокот за поведување постапка на Комисијата. Во прилог на дописот е доставено Објаснување по заклучокот за поведување постапка (чија содржина е идентична со содржината на Појаснувањето за поведување постапка доставено од СВМ со допис бр.07-383/12 од 14.10.2008 год) и копија од Одлука за висината на цената

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006.

Комисијата на ден 09.02.2010 година со Допис бр. 08-93/1 достави барање за изјаснување по наводите на Комисијата во врска со управната работа бр.07-447 од 2009 година до СВМ, ЗВ „Сотир Наумовски" Битола, ЗВ Берово, ЗВ Валандово, ЗВ Велес, ЗВ Гостивар, ЗВ Гевгелија, ЗВ – Дебар, ЗВ Делчево, ЗВ Демир Хисар, ЗВ Куманово, ЗВ Кочани, ЗВ Кавадарци, ЗВ Кичево, ЗВ Кратово, ЗВ Крива Планка, ЗВ Охрид, ЗВ Неготино, ЗВ Прилеп, ЗВ Радовиш, ЗВ Ресен, ЗВ Струга, ЗВ Струмица, ЗВ Свети Николе, ЗВ Скопје, ЗВ Тетово и ЗВ Штип.

СВМ со допис бр. 08-93/13 од 23.02.2010 година, ЗВ Битола со допис бр. 08-93/8 од 23.02.2010 година, ЗВ Валандово со допис бр. 08-93/22 од 24.02.2010 година, ЗВ Гостивар со допис бр. 08-93/12 од 23.02.2010 година, ЗВ Гевгелија со допис бр. 08-93/21 од 24.02.2010 година, ЗВ Демир Хисар со допис бр. 08-93/11 од 23.02.2010 година, ЗВ Делчево со допис бр. 08-93/18 од 24.02.2010 година, ЗВ Дебар со допис бр. 08-93/20 од 24.02.2010 година, ЗВ Кичево со допис бр. 08-93/4 од 23.02.2010 година, ЗВ Кавадарци со допис бр. 08-93/5 од 23.02.2010 година, ЗВ Кочани со допис бр. 08-93/26 од 26.02.2010 година, ЗВ Охрид со допис бр. 08-93/10 од 23.02.2010 година, ЗВ Прилеп со допис бр. 08-93/25 од 26.02.2010 година, ЗВ Радовиш со допис бр. 08-93/3 од 23.02.2010 година, ЗВ Струга со допис бр. 08-93/17 од 24.02.2010 година, ЗВ Струмица со допис бр. 08-93/7 од 23.02.2010 година, ЗВ Свети Николе со допис бр. 08-93/14 од 24.02.2010 година и ЗВ Тетово со допис бр. 08-93/9 од 23.02.2010 година доставија Изјаснување по наводите на Комисијата. Во изјаснувањето, сите горенаведени правни субјекти ги наведуваат истите аргументи дека тие, како здруженија на граѓани не може да се подведат под одредбите од член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи истите како невладини и непрофитабилни правни лица, работат според јавното овластување добиено од надлежен орган и тоа не претставува делување на пазар. Дополнително, во изјаснувања се наведува дека здруженијата на возачите и СВМ вршат услуги од јавен интерес, па заради тоа за нив не важат одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата. Понатаму, во горенаведените изјаснувања се наведува дека здруженијата на возачи и СВМ не се учесници на пазарот на обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила, туку дека тие со јавно овластување добиено од државата, вршат технички преглед кој е задолжителен за секое моторно и приклучно возило за секоја година. Понатаму се наведува дека граѓанинот не може да бира дали ќе изврши технички преглед или не на своето возило, па согласно тоа, кога државата наложува нешто како обврска, тогаш никако неможе да се подведува како пазар. Здруженијата на возачи и СВМ во своите изјаснувања наведуваат дека воопшто не учествувале во забранет договор, со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички

преглед. Дополнително, во изјаснувањата се наведува дека здруженијата на возачи и СВМ не се единствените субјекти кои ја нудат предметната услуга во Република Македонија, туку дека на истиот пазар делува и Авто-мото сојузот на Македонија и неговите членки, што значи дека граѓаните имаат избор кому да му се обратат при вршење на задолжителниот технички преглед на возилата. ЗВ Кочани, во прилог на горенаведеното известување достави и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед од 18.02.2010 година, со примена од 23.02.2010 година (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

ЗВ Берово со допис бр. 08-93/19 од 24.02.2010 година, ЗВ Крива Паланка со допис бр. 08-93/27 од 26.02.2010 година, ЗВ Скопје со допис бр. 08-93/2 од 19.02.2010 година и ЗВ Штип со допис бр. 08-93/15 од 24.02.2010 година доставија Изјаснување по наводите на Комисијата. Во изјаснувањето горенаведените ЗВ наведуваат дека при единствен овластен субјект за вршење на технички преглед, согласно Решението за овластување бр. 082-34263/1 од 27.10.1998 година издадено од МВР на РМ е СВМ (а не било кое ЗВ членка на СВМ), при што во самото решение таксативно се наведени и станиците за технички преглед во кои може да се прави технички преглед.

За да го добие споменатото овластување, СВМ морал да гарантира дека овластувањето за вршење на технички преглед на возилата во сите станици за технички преглед кои се под негова контрола, ќе се извршува под единствен и еднообразни услови, критериуми методи и постапки итн., односно во единствен систем и на единствен начин. Гаранцијата за тоа била токму организациската поставеност на СВМ и неговите членки, а која била и сеуште е во сила со Договорот за здружение на ЗВ во РМ во СВМ и Статутот на СВМ. Без овие два документа СВМ не можел да постои, а камоли да биде носител на јавното овластување за вршење на технички преглед, или поинаку кажано СВМ без неговите членки не можел да постои, а пак ЗВ-членки на СВМ без СВМ не би можеле да бидат носители на јавното овластување - вршење технички преглед на моторни и приклучни возила, односно самостојно да се бават со оваа дејност од јавен интерес.

Согласно доставените изјаснувања, СВМ ги уредува сите прашања сврзани со вршење на предметната дејност (од технички, персонален стручен и методолошки карактер), вклучувајки ја и цената, но само за техничката содржина на прегледот што како услуга им се дава на граѓаните. Цената на дополнителните услуги кои ЗВ им ги даваат на граѓаните, а се сврзани со техничкиот преглед (подготовка на обрасци, документација и сл.) истите самостојно ја утврдуваат.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Дополнително, во доставените изјаснувања, горенаведените ЗВ ги истакнуваат следните заклучоци:

- Спроведената постапка за асоцирање на ЗВ во СВМ и организирањето на истиот како посебен правен субјект воопшто не претставува забранет договор, со оглед дека истата била и е во целост во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Имено, Договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ претставува основачки акт и основа за постоење на СВМ како сложена организа ција составена од најмалку 10 правни лица. Согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации оваа е единствен начин за формирање на здружение, односно сојуз на здруженија на граѓани;
- Кон формирањето на СВМ е пристапено со една и единствена цел – исполнување на условите за добивање на условите за вршење технички преглед на возила, пропишани во членот 350 од ЗБСП (Сл. Весник на РМ бр. 14/98...), а не заради спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот (впрочем во сиот опфатен период со оваа дејност, по добиено овластување, се бавеа и се бават и низа други правни субјекти, кои ги исполнуваа организициските услови утврдени со членот 350 од ЗБСП ((Сл. Весник на РМ бр.14/98...);
- Фактот што и по здружувањето во СВМ, ЗВ остануваат самостојни правни субјекти не им дава никаква можност за донесување одлуки или било какви правни акти во врска со техничкиот преглед, со оглед дека согласно Решението бр. 082-34263/1 од 27.10.1998 година, донесено од МВР на РМ, единствено овластен за вршење на дејноста е СВМ како сложен правен субјект.

Дополнително, во горенаведените изјаснувања се наведува дека СВМ и неговите членки се непрофитни организации и не се занимаваат со водење на економски активности, односно со промет на стоки и услуги на пазарот со цел остварување на добивка (како што Законот за заштита на конкуренцијата ја дефинира во членот 5 алинеја 5). Здруженијата и нивните сојузи немаат сопственици кои би си ја поделиле остварената добивка, сите средства на здружението, прибрани по најразлични основи, се користат за остварување на целите за кои е формирано, нормално и за тековните трошоци кои настануваат со неговото функционирање. Па оттука спорно е и дали дејствувањата на овој тип на правни лица можат да се опфатат со поимот “претпријатие” на начин на кој е дефиниран во членот 5 алинеја 1 на Законот за заштита на конкуренцијата.

На крајот од доставените изјаснувања, ЗВ Берово истакнува дека не е веќе членка на СВМ од 2008 година, додека ЗВ Крива Паланка, ЗВ Скопје и ЗВ Штип истакнуваат дека истапиле од членство во СВМ од 01.03.2008 година и

следствено од денот на истапувањето самостојно ги утврдуваат цените на услугите кои ги даваат на граѓаните.

ЗВ Велес со допис бр. 08-93/16 од 24.02.2010 година достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во изјаснувањето ЗВ Велес наведува дека ЗВ Велес согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и својот статут е здружение на граѓани формирано со слободно здружување на граѓани и претставува непрофитна организација.

Цената на услугата на редовен технички преглед во изминатиот период ја определувал Извршниот одбор на СВМ. Со оглед на тоа да СВМ е носител на јавното овластување од државата, ЗВ Велес како членка на СВМ и согласно статутот на СВМ морал да ја почитува Одлуката за висината на цената на услугата - технички преглед во целост. Меѓутоа и покрај одлуката на СВМ, ЗВ Велес и станицата за технички преглед на возила на АМСМ во Велес имаат различни цени на услугата за технички преглед и не постои никаков договор помеѓу двата правни субјекти.

Во своето изјаснување ЗВ Велес се согласува дека цената на вршење на технички преглед е чисто економска категорија која треба да се утврди согласно трошковниот принцип од страна на секој субјект одделно и истиот го применуваат.

ЗВ Кратово со допис бр. 08-93/23 од 24.02.2010 година достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во изјаснувањето ЗВ Кратово наведува дека имајќи го предвид значењето на имплементацијата на законските одредби регулирани од Законот за заштита на конкуренцијата, со големо внимание го проследиле материјалот кој им беше доставен. Воедно ги прифаќаат изнесените показатели како реални и значајни, бидејќи истите се утврдени врз основа на прибавени податоци од ЗВ на РМ и СВМ. Извршувањето на обврската за единство на цените на услугите при вршење на техничкиот преглед го оправдуваат со целта да се заштитат субјектите од големи разлики и варијации во цените. Посебно како што биле тие запознаени, според позитивните закони и прописи, досега во праксата на вршењето на техничките прегледи на моторните и приклучните возила, сопствениците биле и се слободни независно и самостојно да одлучуваат каде ќе се обратат за да им биде извршена оваа услуга.

ЗВ Куманово со допис бр. 08-93/24 од 24.02.2010 година достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во изјаснувањето ЗВ Куманово наведува дека не се сложува со констатацијата на Комисијата дека тие, како и другите Здруженија-членки на СВМ директно ја фиксирале цената на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила.

Според нив, ЗВ Куманово е Здружение на граѓани, а не претпријатие, односно трговско друштво кое работи на економски принцип и чија крајна цел е остварување на профит. Здруженијата на граѓани се правни лица кои не можат да вршат стопанска дејност, но на истите може да им се довери извршување на јавно овластување. Тие дејствуваат на територијален принцип, а можат меѓусебно да се поврзуваат или здружуваат во сојузи или други облици на поврзување или здружување, за заедничко унапредување на својата работа и активности. ЗВ Куманово тврди дека согласно новиот Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, техничкиот преглед на моторни и приклучни возила, трактори и земјоделски трактори може да врши организација, а не претпријатие, во која организација доброволно се здружени најмалку десет правни лица, регистрирани за дејности од областа на безбедноста, превентивата во патниот сообраќај и давање техничка помош на патиштата. Во согласност со претходно наведеното, Здружението посочува на фактот дека во законската терминологија постои јасна дистинкција помеѓу поимите “претпријатие” и ”организација”, со што всушност е јасна намерата на законодавецот на кого може да му се довери вршењето на јавното овластување за вршење на технички преглед на моторни возила. Во таа насока, ЗВ Куманово смета дека при постоење на една ваква законска одредба кога носител на јавното овластување е само огранизацијата, во конкретниот случај СВМ, не може да стане случај за самостојно и разнолико одредување на цени од страна на членките кои доброволно се здружиле и исполниле исти, со Закон пропишани услови, се со цел да добијат од страна на организацијата овластување за вршење на технички преглед. Гледано од друга страна, ЗВ Куманово смета дека според истата законска одредба и една друга организација – Автомото сојузот на Македонија, како и една установа од образование чија дејност е едукација на кадри од областа на безбедноста и превентивата во сообраќајот на патиштата, а тоа е Авто сообраќајниот училишен центар ”Боро Петрушевски” Скопје, добиле јавно овластување за вршење на технички преглед. Тоа значи дека во хоризонтала на пазарот во Р.Македонија постои конкуренција помеѓу носители на јавното овластување, а со тоа и конкуренција помеѓу нив.

Конечно, во согласност со досега наведеното ЗВ Куманово заклучил дека:

- Здруженијата на возачи се здруженија на граѓани чии цели и задачи се одредени со Статут.

Тоа се организации кои не можат да вршат стопанска дејност, а може да им биде доверено и јавно овластување. Тоа се непрофитни организации, бидејќи доколку здружението оствари добивка таа мора да се употреби исклучиво за целите и задачите утврдени со Статутот, па ЗВ Куманово смета дека Комисијата погрешно констатира дека Здруженијата на возачи би биле основани и би

работеле според Законот за претпријатија, односно Законот за трговски друштва, а не според Законот за здруженија на граѓани и фондации.

- Вршењето на технички преглед на моторни возила е услуга која не е услуга на слободен пазар. Давањето на оваа услуга е строго ограничено, бидејќи истата може да ја врши само државата. Во овој случај Државата го овластила СВМ да ја пружа оваа улуга бидејќи утврдила дека ги исполнува сите услови предвидени во член 350 од ЗБСП. Но, Државата не ја утврдила цената на техничкиот преглед, туку оставила овластениот субјект да ја утврди.

- Поаѓајќи од фактот дека цената на услугата-вршење на технички преглед на моторни возила ја утврдува носителот на јавното овластување, ЗВ Куманово смета дека Комисијата неосновано ги обвинува ЗВ дека учествувале во забранет договор со кој директно се фиксираат продажите цени на услугата технишки преглед на моторни возила. ЗВ-членови на СВМ не можеле да се договорат за цена, туку напротив, ја прифатиле утврдената цена за да им се пренесе јавното овластување и да можат да ја обавуваат услугата технички преглед на моторни возила.

Од овие причини ЗВ Куманово смета дека Комисијата требала да поведе постапка против носителите на ова јавно овластување, а тоа се СВМ, АМСМ и АСУЦ, доколку констатирала дека тие учествувале во забранет договор со цел спречување на конкуренцијата, а не против оние на кои тие им го пренеле јавното овластување, а кои ја прифатиле цената утврдена од носителот.

- ЗВ Куманово смета дека Комисијата погрешно бара да има конкуренција меѓу членките на една асоцијација-носител на јавно овластување. Сметаат дека не е битно дали ЗВ Куманово има иста цена на технички преглед на пример со Здружението од Тетово, Скопје или Битола, бидејќи сите овие здруженија работат на територијален принцип, па ЗВ Куманово не може да го попречува во конкуренција Здружението од Битола или Скопје, битно е дали на територијата на која делува ЗВ Куманово,Битола или Скопје има и други субјекти кои вршат технички преглед. Па ако Комисијата утврди дека некое здружение учествува во забранет договор со цел попречување на конкуренцијата со други субјекти кои исто така делуваат на таа територија тогаш навистина би било оправдано да поведе постапка.

ЗВ Неготино во допис бр. 08-93/28 од 04.03.2010 година наведува дека Извршниот одбор на ЗВ Неготино самостојно ја утврдува цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возил и дека не постои договор на ЗВ Неготино со други ЗВ во РМ. Во прилог е доставен Ценовник на ЗВ Неготино бр.02-93/1 од 28.04.2009 година. Цените на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во наведениот ценовник се идентични со цените утврдени во Одлуката за

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година

ЗВ Ресен со допис бр. 08-93/6 од 23.02.2010 година достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во изјаснувањето ЗВ Ресен наведува дека:

- цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила која се применува во ЗВ од Ресен е по Одлуката на Извршниот одбор (ИО) на СВМ – Скопје.
- Статут на ЗВ од Ресен не постои одредба која би му дала за право на ЗВ Ресен да формира цени за техничкиот преглед.
- јавното овластување за вршење на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила, е пренесено од државна институција, т.е од Министерството за внатрешни работи на РМ на СВМ.
- СВМ, поради немање на сопствени технички и кадровски услови го пренесува овластувањето за вршење на технички преглед на Здруженијата на возачи по општините кои имаат станици за технички преглед, опрема, уреди и кадровски ресурси за извршување на јавното овластување.
- согласно Статутот на ЗВ од Ресен, ИО на ЗВ Ресен има донесено цени на сопствените услуги и тоа за:
    - Комплетирање документација за регистрирање,
    - Теоретски час за кандидати за возачи,
    - Практичен час (м/ч) и обуки на кандидати за возачи,
    - Цена на услуги кои може да ги добијат корисниците (промена на масло, подесување на смеса за самозапалување, издувност на гасови, подесување на светлата на возило и др.) и
    - Цена за користење на полигон за обука на кандидати за возачи.

Дополнително, изјаснувањето на ЗВ Ресен ги содржи следните наводи:

- ЗВ Ресен е формирано и функционира согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл/ весник на РМ бр.31/98).
- ЗВ од Ресен, согласно член 2 од Законот за Здруженија на граѓани и фондации и член 3 од Статутот на ЗВ од Ресен е непрофитна организација.
- ЗВ од Ресен не е претпријатие од било кој вид за да може да се здружи со ДРУГИ претпријатија во здружение на претпријатија (член 3 став 2 од Законот за заштита на конкуренцијата).
- ЗВ од Ресен добило јавно овластување за вршење на технички преглед од СВМ кој, пак, истото го добил од Министерството за внатрешни работи на РМ.
- Во рамките на РМ постојат повеќе субјекти кои го имаат ова овластување и имаат свои цени (АМСМ, АСУЦ, приватни Станици за технички преглед и ЗВ од РМ).

- Технички преглед на возилото е задолжителен за секое возило пред истото да биде регистрирано. Значи странката нема избор да го направи тоа или не, туку мора, согласно ЗБСП и Законот за возила. Ако е тоа така, тогаш странката не е во можност да преговара. Таа може да бира дали ќе вози регистрирано и технички исправно возило или ќе ризикува опасност по својот живот и животот на другите учесници во сообраќај, а има избор за тоа каде ќе го изврши техничкиот преглед и по која цена поради постоењето на повеќе субјекти, односно постоењето на повеќе од 70 Станици за технички преглед каде се врши истиот.
- ЗВРесен не склучило со никој било каков забранет договор со кој се фиксираат продажните цени на услугата технички преглед на возила.

Во прилог ЗВ Ресен доставува Одлука за висината на цената на техничкиот преглед и услугите во Станицата за техничкиот прелед на возила од 10.02.2010 година со примена од 18.02.2010 година (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/37 од 15.03.2010 година, ЗВ Битола достави Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 01.02.2010 година, со примена од 10.03.2010 (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/45 од 15.04.2010 година ЗВ Велес достави Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклуцни возила на ЗВ Велес од 26.02.2010 година, со примена од 01.03.2010 (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/40 од 18.03.2010 година ЗВ Валандово достави Одлука за цената на техничкиот преглед и цените на услугите на СТП на ЗВ Валандово од 05.03.2010 година, со примена од 15.03.2010 (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/34 од 12.03.2010 година ЗВ Гевгелија достави Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ™ кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

приклучни возила од 06.03.2010 година, (цените во наведената одлука се идентични со цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/31 од 12.03.2010 година ЗВ Демир Хисар достави Одлука за висината на цената за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 01.03.2010 година, со примена од 10.03.2010 година (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/41 од 24.03.2010 година ЗВ Делчево достави Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 20.03.2010 година, со примена од денот на донесување (цените во наведената одлука се идентични со цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително ЗВ Кратово со допис бр. 08-93/44 од 07.04.2010 година достави Одлука за висината на цената за вршење на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 23.03.2010 година, (цените во наведената одлука се разликуват од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително ЗВ Кичево со допис бр. 08-93/33 од 12.03.2010 достави Одлука за висината на цената на техничкиот преглед од 27.02.2010, со примена од 01.03.2010 цените во наведената одлука се разликуваат со цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година.

Дополнително ЗВ Кавадарци со допис бр. 08-93/43 од 06.04.2010 година достави Одлука за висината на цената за вршење техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 15.03.2010 година, (цените во наведената одлука се идентични со цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година.

Дополнително со допис бр. 08-93/36 од 12.03.2010 година ЗВ Куманово достави Одлука за утврдување на цените за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 05.03.2010 година, со примена од 15.03.2010 година (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително ЗВ Прилеп со допис бр 08-93/32 од 12.03.2010 година доставува Одлука на ЗВ Прилеп бр.03-56/3 од 26.02.2010 година донесена од Собранието на ЗВ Прилеп. Во член 2 од истата стои дека ЗВ Прилеп како самостојна и независна организација се обврзува дека своите одлуки за цената на техничкиот преглед на моторни возила и цената при регистрација ќе ги носи самостојно, независно и ќе престане да практикува договарање на цени, независно едни од други, согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

Дополнително со допис бр. 08-93/39 од 18.03.2010 година ЗВ Радовиш достави Одлука за утврдување на цените за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила од 24.04.209 година, со примена од 24.04.209 година (цените во наведената одлука не се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/29 од 08.03.2010 година ЗВ Ресен со кој ја известува Комисијата дека Одлуката за цени на ИО на ЗВ Ресен од 10.02.2010 е поништена и во сила е Одлуката за цени донесена од ИО на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година. Наведената одлука на ИО Ресен не е применета ниту еден ден бидејќи согласно Статутот на ЗВ Ресен истата не може да биде донесена

Дополнително со допис бр. 08-93/35 од 12.03.2010 година ЗВ Струга достави Одлука за утврдување на висината на цената за услуги на граѓани што ги врши ЗВ Струга од 25.02.2010 година, со примена 01.03.2010 година (цените заа технички преглед на моторни и приклучни возила во наведената одлука не се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/30 од 11.03.2010 година ЗВ Свети Николе достави Одлука за определување на цени на услуги при ЗВ свети Николе од 08.02.2010, со примена од 01.03.2010 година (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

Дополнително со допис бр. 08-93/42 од 26.03.2010 година ЗВ Тетово достави Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторните и приклучните возила од 15.03.2010, (цените во наведената одлука се разликуваат од цените утврдени во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година).

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**Врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите заедно, како и врз основа на резултатот на целокупната постапка, се утврди следната фактичка состојба:**

Согласно член 1 од Статутот на СВМ донесен во февруари 2002 година, СВМ е здружение на граѓани – возачи и граѓани настанато со здружување на ЗВ на градовите во РМ. ЗВ врз основа на склучен посебен Договор за здружување на ЗВ во РМ во СВМ, се членки на СВМ. Со овој Договор, ЗВ во РМ се согласни преку СВМ да ги остваруваат заеднички утврдените активности, како и дејностите, целите и задачите на СВМ. Притоа како дејност на СВМ е уредено и вршењето на одредени јавни овластувања, непосредно врз основа на закон, односно по добиено одобрение од надлежен државен орган.

Овластувањата од јавен карактер, СВМ ги врши непосредно и преку потписниците на Договорот за здружување на ЗВ во РМ во СВМ кои ги исполнуваат условите предвидени во прописите со кои се уредуваат односните области, а на кои го пренесува непосредно добиеното овластување.

Органи на СВМ се Собрание и Извршен одбор. Собранието го сочинуваат претставници од ЗВ и претставници директно избрани од правните субјекти со кои СВМ соработува. Меѓу другите надлежности, Собранието на СВМ врши избор на членови на Извршниот одбор. Согласно член 24 став 1 алинеа 15 од Статутот утврдено е дека Извршниот одбор на СВМ донесува одлуки за висината на цената на технички преглед.

Комисијата утврди дека ЗВ-членки на СВМ се посебни претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата бидејќи, иако истите формално се регистрирани како здруженија на граѓани, во суштина претставуваат правни лица кои се ангажирани во водење, односно кои вршат типично економска активност-давање на услуга на технички преглед на возила за граѓаните кои вршат регистрација на своите возила. Притоа, ЗВ за вршењето на оваа услуга наплатуваат надомест од граѓаните што претставува промет на услуги, поради што вршењето на услуга на технички преглед на возила претставува економска активност во смисла на член 5 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата, а ЗВ претставуваат претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Во таа насока, сосема ирелевантно е за каква цел се користи остварената добивка на ЗВ, односно дали таа се дели помеѓу основачите на ЗВ или во целост се користи за унапредување на работењето на ЗВ.

Притоа, во севкупниот правен и деловен промет ЗВ-членки на СВМ имаат статус на самостојни деловни субјекти, односно не се агенти на СВМ, ниту, пак,

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

се сопственички поврзани со СВМ, така што, за потребите на Законот за заштита на конкуренцијата, не претставуваат поврзани претпријатија и секое одделно ЗВ-член на СВМ претставува посебно претпријатие во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Бидејќи ЗВ-членки на СВМ се претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, следствено СВМ претставува здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, а како здруженије на претпријатија истовремено претставува и претпријатие во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Дополнително, а согласно член 3 став (2) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, законот се применува и на правни лица на кои согласно со закон или друг пропис им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес или кои имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата би го спречило извршувањето на надлежностите за кои што тие субјекти се основани.

Комисијата утврди дека Законот за заштита на конкуренцијата и неговите одредби важат и треба да се почитуваат и од страна на СВМ и ЗВ, бидејќи иако истите се претпријатија со посебни права за вршење на услуги од јавен интерес, доследната примена на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата во никој случај во ниту еден момент не го спречува извршувањето на надлежностите на СВМ и ЗВ-членки на СВМ, утврдени со закон, односно за кои што тие се основани.

Имено, точно е дека јавното овластување за вршење на услугата технички преглед на возила, МВР на РМ му го доверило на СВМ, а СВМ истото го пренело врз ЗВ. Притоа, неоспорно е правото и должноста на СВМ да врши надзор и контрола над правилното и законито вршење на ова овластување од страна на ЗВ-членки на СВМ. Меѓутоа, правилното вршење на јавното овластување во никој случај не зависи од висината на цената која ЗВ им ја наплатуваат на граѓаните за извршената услуга, па оттука СВМ не смее во никој случај да ја контролира и определува таа цена, со изговор дека контролата на цените е неопходен услов за да се обезбеди правилно функционирање на системот за вршење технички преглед на возила преку ЗВ-членки на СВМ.

Комисијата утврди дека не е неопходно цената на техничкиот преглед за сите ЗВ-членки на СВМ да се утврдува од страна на СВМ за да се обезбеди вршењето на јавните овластувања на СВМ и да се обезбеди истото да се врши на законит начин, бидејки цената за вршењето на услугата технички преглед е чисто

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

економска категорија, која треба да биде утврдена одделно од секој субјект кој делува на пазарот, врз основа на трошковен принцип и да ја рефлектира ефикасноста и успешноста на субјектот во обезбедувањето на наведената услуга.

Во однос на актите со кои се уредуваат односите помеѓу СВМ и ЗВ-членки на СВМ и условите на работењето на овие правни лица (особено Статут на СВМ, Договор за здружување на ЗВ во РМ во СВМ, одлуки на Извршниот одбор на СВМ и слично), Комисијата утврди дека истите претставуваат договори и одлуки во смисла на член 5 став (1) точка 10) од Законот за заштита на конкуренцијата (со оглед на фактот што со нив се уредуваат односите помеѓу претпријатија во смисла на Законот за заштита на конкуренцијата) и како такви се оценуваат врз основа на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, како и сите одлуки на здруженија на претпријатија и секоја договорена практика помеѓу претпријатија, чија цел или последица е спречување, нарушување или ограничување на конкуренцијата, особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување.

Во предметната постапка Комисијата утврди дека во член 24 од Статутот на СВМ како една од надлежностите на Извршниот одбор на СВМ е наведена и дека тој донесува одлуки за висината на цената на техничкиот преглед. Врз основа на оваа одредба од Статутот, Извршниот одбор на СВМ ги донел следните одлуки: Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр. 02-95/2 од 26.07.2005 (согласно член 3, истата се применува од 01.08.2005 година) и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр. 02-96/6 од 11.07.2006 (согласно член 3, истата се применува од 01.08.2006 година). Вака донесените одлуки СВМ ги препраќал до сите ЗВ – членки на СВМ со цел, како што е наведено во пропратните писма доставени со наведените одлуки, запознавање и постапување по истите од страна на ЗВ-членки на СВМ. ЗВ по добивањето на наведените одлуки, истите ги применувале во целост и при тоа или воопшто не носеле свои одлуки за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила или носеле сопствени одлуки со цени идентични со оние утврдени во одлуките на извршниот одбор на СВМ. Таквите одлуки, иако формално донесени од ЗВ-членка на СВМ, бидејќи биле идентични со одлуките на СВМ, всушност претставувале само потврда на истите.

Комисијата во неколку наврати побара од ЗВ – членки на СВМ да достават податоци за висината на цената на технички преглед на моторни и приклучни

возила. Во дописите доставени до Комисијата како одговор на барањата за доставување податоци:

-ЗВ ,,Сотир Наумовски,, Битола наведува дека висината на надоместокот за технички преглед ја носи извршниот одбор на СВМ, додека ЗВ Битола, како и другите ЗВ во РМ само ја спроведува (во прилог се доставени одлуките на СВМ)

- ЗВ Валандово, ЗВ Велес, ЗВ Гостивар, ЗВ Гевгелија, ЗВ Дебар, ЗВ Делчево, ЗВ демир Хисар, ЗВ Куманово, ЗВ Кавадарци, ЗВ Кичево, ЗВ Кратово, ЗВ Охрид, ЗВ Радовиш, ЗВ Ресен, ЗВ Струга, ЗВ Струмица, ЗВ Свети Николе, ЗВ Тетово во прилог на дописите ги доставуваат единствено одлуките на СВМ

-ЗВ Берово во прилог ги достави одлуките на СВМ, со тоа што своја одлука за висината на цената за технички преглед донело единствено на 02.03.2009 година, при што цените во таа одлука на ЗВ Берово бр. 0201-24 од 02.03.2009 година се исти со цените во Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006

- ЗВ Кочани во прилог ги достави одлуките на СВМ, како и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Кочани бр.0302-92 од 30.07.2006 година (наведената одлука на ЗВ Кочани е целосно идентична со одлуката на СВМ бр. 02-96/6 од11.07.2006), Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Кочани бр.0302-102 од 29.07.2005 година (наведената одлука на ЗВ Кочани е целосно идентична со одлуката на СВМ бр. 02-95/2 од 26.07.2005) и Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Кочани бр.0302-110 од 30.09.2004 година (наведената одлука на ЗВ Кочани е целосно идентична со одлуката на СВМ бр. 02-116/3 ОД 17.09.2004 година).

- ЗВ Крива Паланка во прилог ги достави одлуките на СВМ, со тоа што своја одлука за висината на цената за технички преглед ова ЗВ донело единствено на 23.12.2008 година. Притоа единствена разлика помеѓу наведената Одлука на ЗВ Крива Паланка и Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 е во делот на цената за вршење на технички преглед на мотоцикли. Имено, наведената цена во одлуката на ЗВ Крива Паланка изнесува 449 ден, додека во одлуката на СВМ, истата изнесува 551 денар.

-ЗВ Неготино, во прилог ги достави одлуките на СВМ, како и Ценовник за висината на цената за технички преглед на ЗВ Неготино од 02.01.2008 година (во овој ценовник е утврдена цената за технички преглед на товарни-влекачи, патнички, автобуси и приклучни (моторни возила) при што цените за наведените услуги се исти со цените од Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година)

и Ценовник на ЗВ Неготино бр. 02-93/1 од 28.04.2009 (во овој ценовник е утврдена цената за технички преглед на товарни влекачи, патнички и специјални, автобуси, приклучни и трактори и моторцикли при што цените за наведените услуги се исти со цените од Одлуката за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година)

- ЗВ Штип во прилог достави Одлука за определување на цените на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила и другите услуги во ЗВ Штип од 14.12.2006 (цените за вршење на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила се еднакви со цените содржани во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ од 11.07.2006 година), Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-95/2 од 26.07.2005, Одлука за определување на цените на техничкиот преглед и услугите на ЗВ Штип од 23.12.2004 година (цените за вршење на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила се еднакви со цените содржани во Одлука за висината на цената техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ од 17.09.2004), како и Одлука за определување на цените на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во ЗВ Штип од 06.07.2009 (цените на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во оваа одлука се исти со цените во одлуката на ЗВ Штип од 2006 година)

- ЗВ Прилеп во прилог ги доставува одлуките на СВМ, со тоа што ЗВ Прилеп донел Одлука за попуст на технички преглед на возила бр. 03-145/3 од 06.10.2008. Со наведената одлука се одобрува попуст за технички преглед на возила во висина од 20% од редовната цена +ДДВ и тоа почнувајки од 01.10.2008 година па се до донесување на нова одлука. Дополнително, ЗВ Прилеп достави и Одлука бр. 03-25/3 од 26.02.2009 за измени и дополнување на Одлуката бр. 03-145/3 со која всушност се врши намалување на цената на техничкиот преглед на патнички возила.

Со донесувањето на сопствени одлуки за цени почнувајќи од 06.10.2008 (со примена од 01.10.2008 година) кои се разликуваат од цените утврдени во одлуките на СВМ, ЗВ Прилеп го прекинува практикувањето на договорените цени, и тоа од денот кога таквите различни цени почнале да се применуваат спрема корисниците на услугата –технички преглед на моторни и приклучни возила- 01.10.2008 година.

- ЗВ Скопје во прилог до Комисијата ги доставува одлуките на СВМ. ЗВ Скопје од 01.03.2008 год се издвојува од СВМ и самостојно ги утврдува цените за вршење на своите услуги, вклучувајќи ја и цената за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила, односно не ја применува одлуката на СВМ. Во прилог е доставена Одлука за примена на цени за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Скопје бр.02-639 од 24.09.2008 (со примена

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

од 01.11.2008). Цените за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во наведената одлука се пониски во однос на оние утврдени со Одлуката на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006. Со донесувањето на сопствени одлуки за цените кои се применуваат од 01.11.2008, а кои не претставуваат потврда, односно почитување на одлуките за цените на СВМ, ЗВ Скопје го прекинува практикувањето на договорените цени, итоа од денот кога таквите различни цени почнале да се применуваат спрема корисниците на услугата –технички преглед на моторни и приклучни возила- 01.11.2008 година.

Дополнително, а по доставувањето на барањето за изјаснување по наводите на Комисијата во управната работа 07-447 од 2009 година, одредени ЗВ-членки на СВМ ја известија Комисијата дека донеле свои одлуки со кои ја утврдуваат цената за технички преглед на моторни и приклучни возила во своите станици за технички преглед.

Притоа, одлуките на: ЗВ Битола, ЗВ Велес, ЗВ Валандово, ЗВ Гостивар, ЗВ Демир Хисар, ЗВ Кратово, ЗВ Кичево, ЗВ Кочани, ЗВ Куманово, ЗВ Прилеп, ЗВ Свети Николе и ЗВ Тетово се разликуваат во цените за редовен технички преглед на моторни и приклучни возила, во однос на цените претходно утврдени од СВМ во Одлуката бр.02-96/6 од 11.07.2006 година. Одлуките на: ЗВ Гевгелија, ЗВ Делчево, ЗВ Кавадарци, ЗВ Неготино, ЗВ Радовиш, ЗВ Струга, пак се идентични во однос на цените за технички преглед на моторни и приклучни возила, претходно утврдени од СВМ во гореспоменатата одлука.

Одлуките на извршниот одбор на СВМ со кои се утврдувала цената која ќе ја применуваат ЗВ-членки на СМВ претставуваат одлуки на здружение на претпријатија чија цел е нарушување на конкуренцијата во вршењето на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила преку директно фиксирање на продажните цени на предметната услуга.

Ваквото фиксирање на еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносат ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите одлуки имаат за цел нарушување на конкуренцијата и истите не можат да бидат оправдани ниту да бидат предмет на групно или поединечно изземање и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата.

Притоа, Комисијата не ги прифати тврдењата на ЗВ-членки на СВМ дека истите делуваат на точно определени географски подрачја и не си конкурираат меѓусебе. Комисијата утврди дека поради географската близина на определени

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

станици на технички преглед во владение на определени ЗВ-членки на СВМ, како и поради законско решение кое нормира дека само регистрацијата, но не и техничкиот преглед на моторното возило мора да се изврши во местото на живеење на сопственикот на возилото, сосема е возможно доколку цените кои ги наплатуваат различните ЗВ доволно се разликуваат меѓусебе, економски да е исплатливо за сопствениците на возила да вршат технички преглед на своите возила во станици за технички преглед кои се наоѓаат надвор од нивното место на живеење, односно да вршат користењето на услугите за технички преглед на ЗВ надвор од нивното место на живеење.

Имајќи ги во предвид горенаведените податоци и одлуки, Комисјата утврди дека следните здруженија на возачи:
Здружение на возачи ,,Сотир Наумовски,, Битола ул. Иво Лола Рибар бб, Битола,
Здружение на возачи Берово ул. Струмички пат бб, Берово,
Здружение на возачи Валандово, ул.Првомајска бб, Валандово,
Здружение на возачи Велес, ул. Моша Пијаде бр. 13, Велес,
Здружение на возачи Гостивар, ул. Борис Кидрич бб, Гостивар,
Здружение на возачи Гевгелија, ул.7 Ноември бб, Гевгелија,
Здружение на возачи – Дебар, ул. Анастасије Илиќ бб, Дебар,
Здружение на возачи Делчево, бул. Македонија бб, Делчево,
Здружение на возачи Демир Хисар, Битолска бб, Демир Хисар,
Здружение на возачи Куманово, ул. Железничка станица бр.4, Куманово,
Здружение на возачи Кочани, ул. 29 Ноември бр.111 Кочани,
Здружение на возачи Кавадарци ул. Шишка бб, Кавадарци,
Здружение на возачи Кичево, ул. Магистрален пат бр.16, Кичево,
Здружение на возачи Кратово, Нова станица за технички преглед бб, Кратово,
Здружение на возачи Крива Паланка, Маршал Тито бб, Крива Паланка,
Здружение на возачи Охрид ул.15 Корпус бр.292, Охрид,
Здружение на возачи Неготино, Ул. Индустриска бб, Неготино,
Здружение на возачи Прилеп ул. Александар Македонски бб, Прилеп,
Здружение на возачи Радовиш, Ул.Маршал Тито бр 1, Радовиш,
Здружение на возачи Ресен ул. Корчуланска бр.76, Ресен,
Здружение на возачи Струга ул. Босна Путеви бб., Струга,
Здружение на возачи – Струмица, ул. Климент Охридски бр.47 Струмица,
Здружение на возачи Свети Николе ул. Кумановска бр.67, Свети Николе,
Здружение на возачи Скопје, бул. Св. Климент Охридски бр.58-6, Скопје,
Здружение на возачи Тетово ул.Љупчо Божиновски-Пиш бб, Тетово,
Здружение на возачи Штип, ул. Железничка бр. 4, Штип и
Сојуз на возачи на Македонија, бул. Св. Климент Охридски бр.58-6, Скопје,
како учесници на пазарот на обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија сториле повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

начин што преку одредбата од членот 24 став 1 алинеа 15 од Статутот на Сојузот на возачи на Македонија бр.01-48/1 од 28.02.2002 година во која е утврдено дека Извршниот одбор како орган на Сојузот на возачи на Македонија донесува одлуки за висината на цената на технички преглед и преку одлуките за висината на цената за вршење на технички преглед на моторните и приклучни возила: Одлука бр. 02-95/2 од 26.07.2005 година и Одлука бр. 02-96/6 од 11.07.2006, директно ги фиксирале продажните цени на услугата –технички преглед на моторни и приклучни возила, со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата - технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, што согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата е забрането.

**Времетраење на повредата од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата**

Законот за заштита на конкуренцијата стапи на сила на 25.01.2005 година, па оттука однесувањето на претпријатијата од аспект на почитување, односно непочитувањето на одредбите на овој пропис Комисијата го оценува од овој датум. Во време на стапување на сила на Законот за заштита на конкуренцијата, на односите помеѓу СВМ и ЗВ-членки на СВМ се применувала одредбата од членот 24 од Статутот на СВМ, донесен во февруари 2002 година, според која цената за услугата технички преглед кој го вршат ЗВ-членки на СВМ ја одредува извршниот одбор на СВМ. Ова значи дека во моментот на влегување на сила на Законот за заштита на конкуренцијата, работењето на СВМ и ЗВ-членки на СВМ било спротивно на одредбите на истиот, а повредата на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата продолжила и со донесување на Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр. 02-95/2 од 26.07.2005 (која се применува од 01.08.2005 година) и Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр. 02-96/6 од 11.07.2006 (која се применува од 01.08.2006 година). Поради овие причини, Комисијата утврди дека повредата од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во предметната постапка започнала на 25.01.2005 година.

Оттука, СВМ, ЗВ Берово, ЗВ Гевгелија, ЗВ Дебар, ЗВ Делчево, ЗВ Кавадарци, ЗВ Крива Планка, ЗВ Охрид, ЗВ Неготино, ЗВ Радовиш, ЗВ Ресен, ЗВ Струга, ЗВ Струмица и ЗВ Штип сториле повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр.04/05) до денот на донесување на ова решение. Притоа, Комисијата утврди дека иако ЗВ Берово, ЗВ Крива Паланка и ЗВ Штип од 2008 година повеќе не се членки на

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* *www.kzk.gov.mk* e-mail: *kzk@kzk.gov.mk*

СВМ, истите учествуваат во утврдената повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и по истапувањето од членство во СВМ, бидејќи до Комисијата не доставиле доказ дека применуваат различни цени за технички преглед од оние утврдени од Извршниот одбор на СВМ.

ЗВ Прилеп сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 01.10.2008 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука на ЗВ Прилеп за попуст на технички преглед на возила бр. 03-145/3 од 06.10.2008 со која се одобрува попуст за технички преглед на возила во висина од 20% од редовната цена +ДДВ и тоа почнувајки од 01.10.2008 година).

ЗВ Скопје сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 01.11.2008 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за примена на цени за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила на ЗВ Скопје бр.02-639 од 24.09.2008 (со примена од 01.11.2008).

ЗВ Битола сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 10.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 01.02.2010 година).

ЗВ Велес сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 01.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 26.02.2010 година).

ЗВ Валандово сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 15.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за цената на техничкиот

преглед и цените на услугите на СТП на ЗВ Валандово донесена на 05.03.2010 година).

ЗВ Гостивар сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 15.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 23.02.2010 година).

ЗВ Демир Хисар сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 10.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за висината на цената за техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 01.03.2010 година).

ЗВ Кратово сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 23.03.2010 година (врз основа на Одлука за висината на цената за вршење на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 23.03.2010 година).

ЗВ Кичево сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 01.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за висината на цената на техничкиот преглед донесена на 27.02.2010 година).

ЗВ Кочани сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 23.02.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за висина на цената за техничкиот преглед донесена на 18.02.2010 година).

ЗВ Куманово сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 15.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за утврдување на цените за

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 05.03.2010 година).

ЗВ Свети Николе сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 01.03.2010 година (како ден од кој ова здружение почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од СВМ, врз основа на Одлука за определување на цени на услуги при ЗВ Свети Николе донесена на 08.02.2010).

ЗВ Тетово сторило повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата во периодот од 25.01.2005 година (како ден на влегување во сила на Законот за заштита на конкуренцијата) до 15.03.2010 година (врз основа на Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила донесена на 15.03.2010 година).

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**